**20242273962**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 од Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/93, 52/09, 118/10 и 74/12) и член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВОТАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КАЈ МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД

1. Се прифаќа зголемувањето на квотата на Република Северна Македонија во Меѓународниот монетарен фонд според Резолуцијата бр.79-1 за 16-та генерална ревизија на квотите на земјите членки на Меѓународниот монетарен фонд, со што квотата се зголемува од постојните 140,3 милиони специјални права на влечење на 210,5 милиони специјални права на влечење.
2. Се овластува гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија, согласно член 8 од Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд, да ги спроведе сите неопходни активности потребни за зголемувањето на квотата според точка 1 на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-11067/6
5 ноември 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.